B- шг 4М

ВОЈИСЛАВ САНЕВ
ДРАГИЦА СИМОСКА
БЛАГОЈА КИТАНОСКИ
САРЖО САРЖОСКИ

# ПРАИСТОРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ 1976.

VOJISLAV SANEV
DRAGICA SIMOSKA
BLAGOJ KITANOSKI
SARŽO SARŽOSKI

# URGESCHICHTE MAKEDONIENS

SKOPJE 1976.

Носител на изложбата: Археолошко друштво на СР Македонија

Ausstellungsträger: Archeologische Gesellschaft SR Makedoniens

Изложбата „Праисторија на Македонија" се приредува во рамките на меѓурепубличка соработка со цел на пошироката научна и културна јавност на нашата земја да ѝ се претставaт видните откривања на археолозите праисторичари во СР Македонија. Дел од оваа изложба под името „Предисториски култури во Македонија" беше организирана во Штип по повод VIII Меѓународен конгрес за праисторијата и протоисторијата, одржан 1971 г. во Белград. Денес таа е проширена и збогатена со наоди добиени од истражувањата извршени во последните пет години, со што сликата за праисторијата станува појасна и покомплетна.

За нејзиното успешно реализирање должни сме уште еднаш, и на овој начин, да им благодариме: на Народен музеј за штипскиот крај, на Народниот музеј Битола, на Народниот музеј Прилеп, на Заводот за заштита и Народен музеј Охрид, на Народниот музеј Струга, на Музејот на град Скопје, на Народниот музеј Титов Велес, на Историскиот музеј Куманово, на Историската збирка Гевгелија и Народниот музеј Белград. Истовремено ѝ благодариме и на Републичката заедница на културата која ги обезбеди потребните средства за остварувањето на изложбата. Одделна благодарност им упатуваме

на носителите на идејата за организирање на оваа изложба во Народниот музеј во Љубљана и на непосредниот технички организатор на оваа изложба Археолошкиот музеј на Македонија. Изразите на признателност нека не ги одминат и видните истражувачи на македонската праисторија Драгица Симоска, Војислав Санев и Благој Китаноски кои во соработка со комесарот на изложбата Саржо Саржоски, директор на Археолошкиот музеј на Македонија, извршија избор на материјалот и ја дадоа научната обработка.

Археолошко друштво на СР Македонија
Претседател
Бошко Бабиќ

Die Ausstellung »Urgeschichte Makedoniens« wird im Rahmen der Zwischenrepublikzusammenarbeit veranstaltet, mit dem Zweck der breiteren vissenschaftlichen und kulturellen Ofentlichkeit unseres Landes die bedeutenden Entdeckungen der Archeologenurhistoriker SR Makedoniens darzustelen. Ein Teil dieser Austellung unter dem Titel »Vorgeschichtliche Kulturen Makedoniens« wurde in Štip anlässlich des VIII. internationalen Kongresses für Ur-und Protogeschichte, gehalten in Belgrad im Jahre 1971, organisiert. Heute ist sie mit den Funden der in den letzen fünf Jahren durchgeführten Erforschungen erweitert und bereichert. Damit wird die Vorstellung über die Urgeschichte Makedoniens klarer und kompletter.

Für die erfolgreiche Realisierung derer sind wir verpflichtet, noch einmal und auf diese Weise unsere Dankbarkeit dem: Volksmuseum für die Gegend von Štip, Volksmuseum von Bitola, Volksmuseum von Prilep, der Anstalt für die Kunstpflege und dem Volksmuseum von Ohrid, dem Geschichtsmuseum von Kumanovo, Volksmuseum von Struga, dem Museum der Stadt Skopje, Volksmuseum von Titov Veles, der Geschichtssammlung von Gevgelija und dem Volksmuseum von Belgrad, auszusprechen. Gle-

ichzeitig danken wir der Republikgemeinschaft für Kultur, die im Ganzen die nötigen Mittel für die Realisierung der Ausstellung versichert hat. Jedenfalls richten wir unsere besondere Dankbarkeit den Ideenträägern für die Organisierung deiser Ausstellung, dem Volksmuseum, von Ljubljana und dem unmittelbaren technischen Organisator, dem Archeologischen Museum Makedoniens. Lassen wir unsere Anerkennungsworte an die bekannten Erforscher der makedonischen Urgeschichte Dragica Simoska, Vojislav Sanev i Blagoja Kitanoski, die in der Zusammenarbeit mit dem Kommissar der Ausstellung Saržo Saržoski, Direktor des Archeologischen Museums Makedoniens, die Materialauswahl getroffen und wissenschaftlicht bearbeitet haben, nicht vorbeigehen.

Der archeologische Verein SR Makedoniens
Präsident

Boško Babić

Територијата на СР Македонија по својата географска положба го зазема централниот дел на Балканскиот полуостров и претставува еден од главните крстопати за економски и културни врски меѓу Јужна и Средна Европа. Преку неа, уште од најдалечното минато биле премостувани традициите на народите и разните етнички групации кои се менувале низ историските епохи, оставајќи богати и видливи траги за своето постоење, денес осведочени во бројните археолошки наоѓалишта. Сето тоа придонесло културата во Македонија да има свој специфичен развиток.

Археолошките испитувања во Македонија пред Втората Светска војна биле малубројни и се однесувале всушност на античкиот период. Од областа на праисторијата единствено што би можело да се издвои се рекогносцирањата на V. Fewkes во дел од централна Пелагонија и скромните податоци од испитувањата на W. A. Heurtley и L. Rey, кои се однесуваат на северниот дел на Егејска Македонија. Овде можат да се спомнат и ретките публикации од поединечни наоди, собрани случајно и несистематски.

По ослободувањето, во тој поглед, положбата е битно изменета, во почетокот преку рекогносцирања и делумни испитувања, а подоцна со систематски зафати во областа на ископувањата. Овие работи се концентрирани во источна Македонија (Народен музеј Штип), Пелагонија (Народен музеј Битола и Прилеп) и во помала мера во подрачјето на Скопје (Археолошки музеј и Музејот на град Скопје) и Охрид (Народен музеа Охрид и Струга). На тој начин беше овозможено да се собере драгоцен археолошки материјал кој овозможи натамошна соодветна историска и архео-

лошка интерпретација. Меѓу нив, секако најмногу допринесуваат испитувањата од последните неколку години извршени во Пелагонија и Овчеполско-Брегалничката област. Како резултат на ваквитие работи сликата на праисторијата на Македонија, наспроти одделни празнини (на пр. Полог) е многу појасна. Нашите познавања во голем дел се врзуваат за неолитот и железното доба, додека за енеолитот и бронзеното доба не се потполни. Наспроти нив за најдалечното минато за палеолитот, освен неколкуте случајни наоди (Макаревец кај Титов Велес и Охридско), нашите познавања се сосема недоволни. Меѓутоа, земајќи го во предвид неговото постоење во соседните области на Македонија[1], и за него можат да се очекуваат посигурни потврдувања преку систематски испитувања.

Најновите испитувања на неолитот и добиените резултати од проучувањата на движните археолошки наоди, со сите нивни специфичности, даваат можност да се согледа развитокот кој се одвивал во рамките на издвоени региони, веројатно предусловени од географската затвореност. Такви целини се:

— Овче Поле со долината на Брегалница;

— Пелагониската котлина;

— Охридскиот басен;

— Скопската котлина.

Покрај овие региони секако би можело да се издвојат и други (Средно Повардарие — Тиквеш, Струмичката котлина, Полог). Меѓутоа, поради сè уште недоволната испитаност не може одредено да се зборува.

Во прво споменатиот регион, главна неолитска манифестација претставува посебната група на постариот неолит на источниот Балкан, која ја нарекуваме Анзабегово — Вршничка, до пред извесно време позната само како Вршничка. Во својот развиток таа ги опфаќа стариот и средниот неолит во вообичаената терминологија за тесалскиот и трачкиот неолит, бидејќи со еден дел паралелно се развива со Протосескло, Сескло и Димини групите во Тесалија, односно групите Караново II—III во Бугарија. На север оваа група секако била во допир со Старчевачката група на која средиштето ѝ се наоѓа во Поморавието. Одредувањето на нивната меѓусобна граница не е јасна и би требало да се бара на северниот дел од Кумановската котлина. Долината на Брегалница тесно се поврзува на еден поголем природен пат на стариот Балкан, кој кон југоисток преку реките Лакавица, Струмица и Струма се поврзува со североисточна Егеја, а на север, преку Овче Поле, Жеглигово и Куманово кон Прешево, со долината на Морава. Овој пат практично значи поврзување на Источниот Медитеран со Средна Европа.

Анзабегово — Вршничката група е позната преку главните наоѓалишта „Барутница“ кај селото Анзабегово, „Вршник“ кај селото Таринци и „Руг Баир“ кај селото Горубинци. Стратиграфијата на Анзабегово и Вршник даде можност да се разликуваат четири развојни фази. Првата, која во Анзибегово разликува три потфази, му припаѓа на постариот неолит и се карактеризира со монохромна светла, првенствено црвена керамика и сликана грнчарија. Основни мотиви претставуваат триаголници, скалести и флорални мотиви, и точки изведени со бела боја. (к. бр. 48—56; 89).

Во втората и третата фаза присутно е сликањето со темно кафеава боја на црвена основа со комбинации од геометриски мотиви, аглести и спирални, кои покажуват извесна врска со доцните етапи на Старчево (к. бр. 57—65; 90). Кај монохромните садови се издвојуваат форми на повеќе нозе украсенеи со канелури што упатуват на датирање со Караново II—III (к. бр. 85). Оваа појава се објаснува со една интерна еволуција на стариот неолит, со прилив на нови елементи од Балканско-Анадолскиот комплекс кои доаѓаат од југоисток. Последната фаза, Анзабегово — Вршник IV, покажува извесни форми кои се поврзуваат за почетоците на Винчанскта група, како што се биконусно профилираните чинии, пехарите на нога, канелури, „black-topped“ техника, врежани ленти исполнети со убоди. Треба да се спомене дека во оваа фаза постојат и локални специфичности кои се манифестираат преку држалките со рогчиња непознати во Винчанската група и претставуваат посебна варијанта на форми од групата Караново III.

Што се однесува до грубата керамика Анзабегово — Вршник, со исклучок на првата фаза, таа е добро застапена во сите други фази, како во формите така и во декоративните елементи; барботин, лепенки, втиснување со прст, со нокти или орудија а „организираниот барботин“ е типичен дури за последните фази. Ова насочува кон издвојување на посебен комплекс блиско поврзан со Мала Азија (Haçilar), првобитно независен од оној со грубата керамика од типот Старчево I, impresso и Пресесекло[2]. Ископувањата во Анзабегово дадоа податоци и за објенти за живеење кои се надземни и имаат правоаголна форма, со ѕидови од густо наредени колци (Анзабегово II), како и за начинот на погребување во згрчена положба, а во еден случај и во сад од печена земја (к. бр. 42). Треба да се спомене дека населбите од оваа група се наоѓаат на рамнинки над речните корита и на благи падинки во близина на потоци. Кон доцниот неолит во Источна Македонија (Анзабегово — Вршник IV), можат да се приклучат и неколкуте поодделни наоди од локалитетите Јачков Рид во Костин Дол и Лесковица крај Штип, кои културно не можат поблиску да се определат, (к. бр. 324—325).

Кон групата Анзабегово — Вршник, во извесна смисла се приклучува и Скопската котлина преку населбата Слатина во Зелениково каде се констатирани две фази. Фазата Зелениково I со керамичкиот материјал, особено сликаната со спирални мотиви, се приближува кон онаа од Анзабегово — Вршник IV и Руг Баир III. Што се однесува до фазата Зелениково II, таа претставува сосема нова појава која наоѓа свои сличности во рамките на фазите Винча Тордош II, односно во младиот неолит од Балканско-Анадолскиот комплекс. Извесни сродности можат да се следат во наоѓалиштата на крајбрежната Тракија (Photolivo, Komitini), додека на запад положбата е сосема нејасна бидејќи овој дел на Македонија археолошки не е испитан.

Неолитот во Пелагонија покажува сосема поинаков карактер. Сè до скоро време како најстара позната етапа претставуваше Породинската група[3]. Со најновите испитувања во последните пет години сликата е битно изменета, како стратиграфски, така и хронолошки. Испитувањата на Велушка Тумба придонесоа почетокот на Породинската група да се помести во подалечното минато, кон крајот на раниот неолит.

Појдувајќи првенствено од стратиграфското разграничување во Велушка Тумба, фази I—IV, во кои се вклучува Породинската, сметаме дека би било пооправдано раниот неолит[4] во Пелагонија да биде означен како Велушко-Породинска група. На сето ова укажуваат карактеристичните појави во бело сликаната керамика (Велушина — Породин, I—II) со нејзините орнаментални мотиви, од кои посебно се издвојуваат орнаментите во форма на точки, скалести, или во форма на буквата сигма — $\Sigma$ , кои наоѓаат свои аналогии во периодот од крајот на фазата Анзабегово — Вршник I, или со почетокот на втората фаза (к. бр. 190—196).

Во помладите фази III и IV преовладуваат аглестите мотиви изведени со иста техника. Од монохромната керамика која може да се следи во сите фази, особено се издвојува црвената, со или без сјаен премаз, потоа кафеавата во светли и темни нијанси, додека пак темно сивата е многу ретка. Грубата керамика исто така го следи развитокот на населбите и е украсувана во досега вообичаените техники и орнаментални мотиви; претежно барботин, „организиран" барботин, а ретко со убоди и impresso (к. бр. 175—177), и упатува на циркуммедитеранскиот комплекс или среднобалканската и јужнопанонската (Старчево — Körös) груба керамика.

За постарата етапа на раниот неолит, иако не постојат бројни податоци, засега индиции даваат наодите од Пештерица; и тоа керамиката која е груба, темна или светла, монохромна, украсена со барботин и убоди од нокти, која би можела тесно да се поврзе

со културниот развиток на Западниот Балкан, Јадранските области и Старчево I (к. бр. 254—273).

Во Велушко-Породинската група, покрај керамичкиот материјал се издвојува и типот на населбите карактеристичен за целиот регион. Тоа се повеќеслојни населби, познати во Тесалија како магули-телови, а овде тумби, кои битно се разликуваат од населбите во Источна Македонија и оние од Старчевачкиот културен круг. Во Велушина и Породин, како и во другите населби, Чука, Могила, Карамани, утврдено е постоење на надземни објекти за живеење, со правоаголна и трапезоидна форма, градени во вообичаена техника и употреба на градежен материјал. Поблиски сознанија за изгледот на живеалиштата даваат познатите култни предмети, жртвеници, моделирани во форма на куќи на две води, со детали од влезовите и распоредот на внатрешноста (к. бр. 206, 245, 246). Со нив, секако имаат врска необичните предмети наречени „цилиндри" кои во горниот дел се украсени со претстава на лице (к. бр. 208). Покрај ова, жртвениците и цилиндрите заедно со мноштвото од антропоморфна и териоморфна пластика упатуваат на постоење на поразвиен духовен живот.

Средниот неолит во Пелагонија, кој сè уште е во фаза на испитување, засега може да се следи исклучително преку наодите од населбата Мала Тумба во село Трн[5] (к. бр. 305—316). Движниот материјал, особено керамиката претежно работена во една фактура, со сива боја; со формите на садовите и начинот на украсувањето, укажуваат на нова појава која тесно се поврзува со Јадранско-Медитеранскиот културен круг. Од неа се издвојуваат плитките садови со S профилација на равна или висока конусна нога; садовите за овоштие, како и оние слични на амфорите. Орнаменталните мотиви ги претставуваат шрафирани триаголници, шах полиња, ромбоиди, сите врежани, поставени сами или во комбинации и плитки канелури. Посебно се издвојува присуството на култните предмети, ритони, кои заедно со керамиката со сигурност зборуваат за врските со населбите од споменатиот културен круг (Данило, Cacran, Елатеја).

Доцниот неолит во оваа котлина, за разлика од Источна Македонија сè уште не е доволно познат. Керамиката од населбата Али Чаир во Прилеп работена во една фактура со биконусни облици; пехари на конусна шуплива нога, садови со високи цилиндрични вратови; украсувана со убоди, може да се поврзе со керамиката од доцниот неолит на Балканско-Анадолскиот комплекс.

Наполно нова појава во неолитот во Македонија претставува Уста на Црни Дрим во Струга, каде се откриени остатоци од наколни живеалишта. Населбата се одликува со извонредно богатство на орудија од коска: харпуни, шила мотики, игли, амајлии и др. Керамиката спрема фактурата и орнаментите: криволиниски, три-

аглести, флорални, со остатоци од crusted боја, покажуваат тесна врска со Maliq II, групата во Албанија, и помладата фаза од Данило групата на јадранскиот брег, која најверојатно претставува продолжување на традициите од среднонеолитските населби Трн и Cacran во Албанија.

За енеолитскиот период, (преминот од неолит во бронзено доба), во Македонија податоците се исто така недоволни. Засега нешто повеќе се знае во Пелагонија и Скопската котлина на кои им припаѓаат локалитетите: Бакарно Ѓумно — Чепигово, Тумба — Црнобуки, Шуплевец — Долно Ореово и Кале — Скопје. Населбите биле подигнувани на места што доминираат над околината и се погодни за одбрана и заштита, (Бакарно Гумно, Шуплевец, Кале — Скопје) или на вештачки подигнати тумби (Црнобуки)[6]. Објектите за живеење се надземни од плетер премачкани со кал, или од камен при што се користени и природните карпи (Шуплевец)[7]. Кај керамиката се разликуваат повеќе форми: чинии со вовлечен обод, со и без задебелен обод, конусни и бикионусни чинии, пехари на нога и друго, богато упрасени со врежани орнаменти, канелури и сликање со бела и кафеава боја, графит и crusted, со што овие наоди се поврзуваат со групата Бубањ — Хум во Поморавјето, Салкуца и Черна Вода во Романија.

Пластиката од овие наоѓалишта, статуетки што седат слични на оние од Черна Вода, како и статуетките со отвор за всадување глава, битно се разликуват од оние во Бубањско — Хумската и Салкуца групите. Разлики постојат и кај извесни детали во формите на садовите. Оттаму се оправдува издвојувањето на одделна група Шуплевец — Бакарно Гумно[8]. Постанокот и појавата на оваа група се објаснува со поместувањата кои во југоисточна Европа ги предизвикале првите бранови од пробивот на индоевропските сточари од подрачјето на Понт и руските степи. Всушност на сето ова упатуваат скиптарот од камен (Шуплевец, к. бр. 444) и керамиката со орнамент од втиснат намотан конец (schnur).

На крајот од енеолитскиот период му припаѓаат и наодите на бакарни секири од Ресен, Прилеп и Кравари, каде е откриен и калап од камен за лиење на секири со едно сечиво (к. бр. 473, 475 и 454).

Наредните бранови на индоевропските поместувања во Пелагонија можат да се поврзат со појавата на ранобронзените елементи, кои ги констатираме во најмладите стратуми на Бакарно Гумно, Црнобуки и Карамани, како и во ископувањата и случајните наоди од Висок Рид, Кравари, Варош, Скопско Кале и Црквени ливади (к. бр. 446 — 449; 450 — 453; 454; 470 — 472; 473 — 475; 477 — 478; 481 — 483). Главната одлика кај керамиката од овој период се нееднакво печените садови со цилиндричен врат, со една или две како ленти држалки кои ги надвишуваат ободите.

Овие елементи покажуваат сродност со ранобронзените наоди во Егејска Македонија (групата Арменохори), како и средните фази на Бубањ — Хум III, што се совпаѓаат со крајот на немирното време од ширењето на индоевропските племиња и почетокот на стабилизирањето на бронзеното време.

За натамошниот развиток на бронзеното време, во текот на вториот милениум пред н.е. сè уште малку знаеме. Секако тоа е последица на недоволните испитувања, можеби и од промената на положбата на населбите. Меѓу наодите од новите ископувања на Скопско Кале постојат фрагменти на садови со проширен стомак и со нагласени коси канелури кои потсетуваат на типичните форми од Слатинската група во Поморавјето и може да се датираат околу почетокот на средното бронзено време[9]. Во Пелагонија на овој период му припаѓаат населбите на тумбите во Барешани и Канино, кај кои садовите со надвишени како ленти држалки во потполност се слични со оние од средното бронзено време во Арменохори (к. бр. 476; 484 — 490).

За постанокот на културите од доцното бронзено време во околината на Охрид постојат индиции кои укажуваат на поврзаност со културниот развиток во Егејска Македонија во времето непосредно пред почетокот на големото Егејско преселување. Таков е случајот со наодите од Црквени Ливади кај село Вraниште Струга, каде еден фрагмент од керамиката има директни аналогии во наодите од Saratce и Kilindir со типично врежаната керамика[10].

Интересно депо претставуваат големите садови од Варош кај Прилеп (к. бр. 496 — 498) кои исто така имат аналогии меѓу садовите од Вардаровци и Сараце[11].

Со брановите на големото Егејско преселување, а потоа и со развиеното железно време, сликата за праисторијата на Македонија станува одново јасна и потполна[12]. Со оглед на специфичноста на културниот развиток во ова подрачје, не е можно да се употреби шемата за хронологијата на железното време на средна Европа. Направен е посебен хронолошки систем кој за ориентација и овде го поместуваме:

Железно време I (1300 — 700 п.н.е.), — период на полиња со урни во средноевропски смисол, а доцен микенски — геометриски период во Грција. Овој период кој се совпаѓа со времето на Егејското преселување и големите етнички пертурбации во целиот егејски свет и Блискиот Исток, познат е од голем број значајни наоѓалишта во Македонија, повеќе концентрирани во Пелагонија. Паѓа в очи дека во ова време се одржуваат извесни локални елементи во материјалната култура кои се развиваат интерно за сликаната керамика од Бел Камен, с. Живојно, Марта, с. Зовиќ и Сарај, с. Брод (к. бр. 517, 518, 499 — 502), која е добро позната

и може да се поврзе со онаа од соседните подрачја во Албанија и Епир, како и со групата Бубушти. Нејзиното проучување денес се наоѓа на почеток, но без сомнение корени можат да се бараат во старите времиња, со оглед на тоа дека постојат нејзини претходници во некои наоѓалишта од доцно бронзеното време во Македонија, како во Kilindir и Чаушица во Егејска Македонија[13]. Исто така може да се смета и на извесен подолг временски развиток на овој керамички тип. Така на пример, наодите од Висои судејќи по сè, можат да се врзат за една поразвиена фаза на железното време I (халштат B1 во средноевропски смисол), на што укажува и формата на урната Villa nouva, еден од садовите од Живојно. Садот со две држалки од Зовиќ со својата форма се врзува за типичните форми од некрополата Вергина кај Верије[14], додека во Сарај, с. Брод во гробот 3, вака насликан сад се јавува со остатоци од железни предмети, меѓу останатите и тулце од копје.

Од друга страна некои гробни наоди од овој период укажуваат на нови етнички елементи, кои од внатрешноста на Балканот во време на Егејското преселување продираат кон југ, во повеќе бранови, кои секогаш не можат да се утврдат. Такви се наодите од гробот — циста, од Прилеп, од кои мечот покажува типолошка врска со средноееврописките типови иако во неговата подеднакво витка форма наоѓаме извесна реминисценција на микенските типови. Ист е случајот со гробниот наод од Сивец кај Прилеп, мечот од типот Nenzingen кој секако најпрво може да се поврзе со поранешниот бран на овие продирања. Наспроти тоа гробните наоди од Попадин Дол (к. бр. 508—512) и Демир Капија со „либурнските" лачни фибули, какви што се познати во Пaтели, без сомнение му припаѓаат на следниот бран врзан со периодот Халштат B1 во средноевропската хронологија. Поголема тешкотија прават наодите од некрополата Висои крај Битола. Тука се работи за родовска некропола со гробови во форма на цисти кои првобитно лежеле под могила оградена со венец од камења. Додека поголем број гробни наоди од овој локалитет му припаѓаат на подоцнежниот период, (гроб бр. 16 со своите копја и фибули во форма на очила), наодите од централниот гроб 37, лабрисот од бронза и необично насликаниот скифос, кој е под влијание на доцното или постмикенското творештво, упатуваат на порано време. Може да се мисли на гроб на родоначалник, на кого дури подоцна му се придружуваат групирани гробови на негови следбеници. На железното време I му припаѓаат и наодите од гробот од Крклино Битола како и наодите од гробот во Фортуна, Штип (к. бр. 507, 518—522), со карактеристичните игли кои имаат глави во форма на вазни и иглата со конусно проширена глава која претставува еден поранешен тип од времето на полиња со урни во Средна Европа (Roseninsel).

Железното време II, околу 700 год. пред н. е., халштат C($B_3$—C), во средноевропски смисол, претставува период на стабилизирање после големото Егејско преселување и конечно формирање на палеобалканските народи и племиња, кое се манифестира во широкото единство на културниот материјал. Ова епоха има посебна важност во издвојувањето на регионалните групи, следењето на нивните генези, а исто така и во разработувањето на нивната фина хронологија што овозможува и потполно следење на историскиот тек. Поголемиот дел од наодите што се презентираат, им припаѓаат на гробовите откриени поединечно, во некрополи и гробови под могили. Според начинот на погребувањето јасно може да се согледа дека погребувањето под могили е честа појава во Источна Македонија (Орлови Чуки и Балабаница во Ст. Караорман, Штип, Криви Дол во с. Радање, Штип, Кунови Чуки во с. Оризари кај Кочани, Свилара с. Д. Оризари кај Титов Велес, Гробље во с. Војник кај Куманово, каде е откриен затворен наод без скелет), меѓутоа, во помал број се среќаваат и во Пелагонија (Висои кај Битола и не испитаните Батков Дол во с. Мојно и Ластојца кај с. Драгош), од кои потекнуваат поединечни наоди. Помеѓу гробовите под могили постојат извесни разлики во начинот на погребувањето. Така, гробовите од Орлови Чуки и Висои, спрема конструкциите и нивниот распоред имаат сличности, додека оние во Радање биле покриени од нафрлени камења и се многу блиски на некои типови од Гласинац. Без оглед на вак믹вите разлики погребувањето по правило е скелетно.

Што се однесува до рамните гробови тие се среќаваат во некрополите Вучи Дол (Волково) кај Скопје, Сува Река во Гевгелија, а исто така и во Пелагонија (Касарни и Варош во Прилеп, Камен во с. Рапеш кај Битола). Сите овие гробови имаат облик на цисти.

Керамичниот материјал од сите досега споменати некрополи, рамни и под могили, покажува прилично воедначен карактер. Застапени се фацетирани чинии со вовлечен обод, форма која потсеќа на оние од поранешните времиња. Најчести се садовите со една држалка (Оризари, Крст), честопати со косо засечена уста и врат (Висои, Касарни, Рапеш, Криви Дол, Орлови Чуки), како и садови со две држалки кои го надвишуваат ободот (Висои, Криви Дол, Орлови Чуки). Украсувањето почесто го претставуваат мотиви од врежани шрафирани триаголници и врежани линии. Интересен е садот од Гробље во с. Војник, кој има четири спротивно поставени држалки, украсен со коси канелури (к. бр. 655) и еден од Вучи Дол кој покрај орнаментите од канелури има и мотиви изведени со тркалце што претставуваат реминисценција на групата Басараби во Олтенија. На садот од Касарни во Прилеп се среќава орнаментот врежана „свастика" (к. бр. 599).

Од другите предмети, гробни прилози, посебно внимание заслужува инвентарот од метал, воглавно од бронза кој го сочинуваат: накит, делови од накит и вотивни предмети. Белезиците имаат вркстени краеви украсени со гравирани орнаменти (Висои, Радање, Рапеш, Вучи Дол, Бразда), изработени од бронзена жица, а исто така и од бронзена лента (Оризари, Рапеш, Сува Река), кои со формата и орнаментите наоѓаат директни аналогии во белезиците од депото во Јањево на Косово. Кон накитот треба да се споменат и тордираните торквеси од Свилара во с. Д. Оризари и Сува Река. На деловите од накит им припаѓаат разните форми на висулци од кои се издвојуваат оние во форма на птица (к. бр. 576, 577), потоа садчињата во форма на чушка од афион со капачиња на кои се наоѓат протоми на птици (к. бр. 527, 582, 583, 650—652), садчињата во форма на бокалче (к. бр. 579), астралогоидни со глава која личи на седната човечка фигура, (к. бр. 640, 641) и ажурираните прапорци (к. бр. 574). Интересни се висулците во форма на двојна секира — лабрис, најдени во гробот 16 во Висои и во наодот од Војник (к. бр. 654—656), како и оние од Сува Река кои во досегашната литература најверојатно погрешно се интерпретираат како делови од коњска опрема — трензли (к. бр. 642—643). За датирањето на сите овие наоди од керамика и бронза, особено се важни фибулите. Така, фибулите во форма на очила, во двете варијанти со „осмици" помеѓу дисковите или без неа, во наоѓалиштата Вучи Дол, Касарни, Високи, Орлови Чуки и Сува Река, се појавуваат паралелно со лачните фибули кои имаат нога во форма на Беотски штит, со задебелување на лакот (Вучи Дол), и упатуваат на малку подоцнежен период на железното време II. Фибулите од Радање се датираат околу 700 г. п. н. е. (к. бр. 571, 572), но разликата во металот помеѓу Радање и Орлови Чуки исто така покажува мала разлика во рамките на тоа време. Според тоа потребите за подобра интерна хронологија сè уште се присутни и не можат да се решат без посебни студии. Кон разрешувањето на овој проблем, веројатно најмногу ќе можат да придонесат богатите наоди од Сува Река, застапени во сите врсти и нивни варијанти, но без теренски податоци не можат со сигурност да се употребат. Во секој случај, Сува Река дава можност за размислување за постоењето на работилница во овој крај, од која бронзените производи по разни начини биле пренесувани во другите области. Општо гледано, инвентарот од метал, било во специјализираните форми карактеристични за Македонија, или во својата вообичаена форма, па и со ретките форми на висулци што личат на латинската буква V од Оризари; а за кои наоѓаме аналогии во некрополата од Сува Река во Косово[15], к. бр. 598), укажува на елементи или влијанија воглавном илирски. Во прилог на тоа зборува и начинот на погребување во Радање. Оттаму се чини

како оправдано, ако во моментот на стабилизацијата настаната по големите поместувања и промени со егејското преселување, сметаме на силно влијание и делување на илирската компонента во етнички и културен смисол.

Железното време III датирано (VI — IV век), Халштат D во средноевропски смисол, а кое значело крај на архајскиот и класичниот период во Грција; значело и времето кога со промените на општествените односи и зајакнувањето на племенската аристократија сè повеќе се појавува импорт на луксузни предмети од Грција и изработка на нивни имитации, додека специфичниот елемент на домашната материјална култура сè повеќе се губел. Затоа, на овој период не се задржуваме, а се илустрираат само неколку карактеристични појави од некрополите Лозишта во с. Речица (к. бр. 677—696), Сува Чешма и Три Челусти во с. Горенци (к. бр. 697—706), и Калдрма во Прилеп (к. бр. 663—671), во кои сè уште живеат културните традиции на автохтоното население или доаѓаат до израз форми работени спрема нивните желби, вкусот или потребите (грчко-илирски шлем, к. бр. 691). Во доцниот период на железното време IV, материјалната култура скоро потполно е елинизирана, со што во Македонија започнува историската епоха во правиот смисол на зборот.

**ЗАБЕЛЕШКИ — BEMERKUNGEN**

1. S. **Weinberg,** Cambridge Ancient History 3, Ed. I, 1970, 557 sqq.
2. M. Grašanin, Actes du VIII-em Concrès des sciences préhistoriques et protohistoriques, 1971 Beograd. Rapport généraux I; М. Грашанин, Некои проблеми на македонската праисторија, Mcedoniae Acta Archaeologica 1, 1975 Прилеп, 10 — 12.
3. M. Grbić, P. Mačkić, Š. Nađ, D. Simoska, B. Stalio, Porodin, 1960 Bitolj.
4. Д. Симоска, В. Санев, Неолитска населба Велешка Тумба кај Битола, Macedoniae Acta Archeologica 1, 1975 Прилеп.
5. Д. Симоска, В. Санев, Мала Тумба кај с. Трн, прилог кон проучувањето на неолитските култури во Централна Пелагонија, Macedoniae Acta Archaeologica 3 (во печат).
6. Д. Симоска, Б. Китаноски, J. Тодоровиќ, Населбата Црнобуки и проблемот на истоимената култура во светлината на новите археолошки истражувања, Macedoniae Acta Archaeologica 2, 1976 Прилеп.
7. М. Гарашанин, Д. Симоска, Контролни ископувања на Шуплевец и некои проблеми на групата Шуплевец — Бакарно Гумно, Macedoniae Acta Archaeologica 2, 1976 Прилеп.
8. На ова му одговараат и констатациите во врска со хронологијата на групата Черна Вода. S. Mornitz — P. Roman, Dacia, N. S. XII, 1968, 119 — 120. Идоли: ibid, 48 sqq., Fig. 2, 1 — 2.
   Zu diesem entsprechen auch die Konstatationen bezüglich die Chronologie der Gruppe Tscherna Voda. S. Mornitz — P. Roman. Dacia, N. S. XII, 1968, 119 — 120. Idolenskulpturen. ibid. 48 sqq., Fig. 2, 1 — 2.

9. M. Garašanin, 39 Bericht d. Röm. Ger. Kommission, 1958, 66 sqq., Tl. 14, 8.
10. W. A. Heurtley, Prehistoric Macedonien, 1939, 214, No. 404; 220; 427.
11. Ibid. 214, No. 408; 222, No. 440.
12. M. Гарашанин, Еден осврт на преисторијата на Македонија, Гласник на институтот за национална историја XГI, 1968 Скопје, 164 — 179; М. Гарашанин, Историја на македонскиот народ I/1, 25 — 32 Скопје.
13. W.A. Heurtley, op. cit. 218 sqq. No. 421 — 426, 433 — 434.
14. На пр. M. Andronikos, Vergina, Pl. 32, 1; 41, 15; 55, 13; 58, 1; 68, 1 (најблиски аналогии).
15. N. Slavković — Gjurić, Glasnik muzeji Kosovo i Metohije, IX, 1964 Priština.

Das Gebiet Makedoniens, seiner geographischen Lage, nach, befindet sich im Zentralteil der Balkanischen Halbinsel und damit bedeutet es eine der Hauptkreuzungen der wirtschaftlichen und kulturellen Verbindungen zwischen Süd — und Mitteleuropa. Ueber dieses Gebiet, schon seit Jahrhunderten, fand eine Ueberbrückung der Traditionen der Völker und verschiedenen ethnischen Gruppen statt, die hierdurch durch die Geschichtsepochen wanderten und zahlreiche und sehbare Spuren hinterliessen. Darüber sprechen heutzutage die zahlreiche archeologische Fundstätten. Alldies führte zur einen specifischen Entwicklung der Kultur in Makedonien.

Die archeologische Forschungen vor dem Weltkrieg II. in Makedonien waren gering an Zahl und betrafen hauptsächlich die antische Periode. Aus dem Gebiet der Urgeschichte könnte man nur die Forschungen von V. Fewkes in einem Teil des zentralpelagonischen Gebietes auszeichnen, sowie die geringe Forschungen von Hartli und L. Rey betreffend den Nordenteil des Aegäisch Makedoniens. Hier kann man auch die seltene Publikationen der einzilnen Befunde erwähnen, die nur zufällig und keinesfalls systematisch gesammelt wurden.

Nach der Befreiung änderte sich diese Situation: anfangs über Erkenntnisse und zum Teil über Forschungen, und später über systematische Ausgrabungen. Diese Unternehmen wurden in Ostmakedonien (Volksmuseum Schtip), Pelagonien (Volksmuseum Bitola und Prilep) und teilweise in dem Gebiet der Stadt Skopje (Archeologisches Museum und Museum der Stadt Skopje) und Ohrid (Volksmuseum Ohrid und Struga) konzentriert. Auf dieser Weise wurde

eine Sammlung des kostbaren archeogolischen Materials zusamengestellt, das eine wietere entsprechende geschichtliche und archeologische Interpretation ermöglicht. Darunter sind sicherlich von groösster Bedeutung die Forschungen aus den letzten Jahren, die in den Gebieten von Pelagonien und Ovtschepole — Bregalnica stattfanden. Als Resultat solcher Forschungen wurde das Bild der Urgeschichte Makedoniens, ausserhalb manche Lücken (z. B. Polog), viel deutlicher. Unsere Erkenntnisse sind grösstenteils mit der Neolit — und Eisen — Zeit verbunden und sie sind lückenhaft was die Eneolit — und Bronze — Zeit betrifft. Anderseits, was die Paleolitzeit betrifft, sind unsere Erkenntnisse, bis auf einige zufällige Befunde (Makarovec bei Titov Veles und Ohridgebiet), vollkommen ungenügend. Immerhin, unter Berücksichtigung der Existenz solcher Befunde in Nachbarn — gebieten Makedoniens[1], können wir durch systematische Forschungen gewissere Bestätigungen darüber erwarten.

Die neueste Forschungen der Neolitzeit und die dadurch erhaltene Rrgebnisse, mit allen Finzelheiten, ermöglichen einen Ueberblick der Entwicklung im Rahmen der einzelnen Gebiete, bedingt sehr wahrscheinlich durch die geographische Abgrenzung. Solche Einheiten sind:

— Ovtsche Pole mit dem Tal des Flusses Bregalnica;
— die pelagonische Talmulde;
— Ohrider Bassen;
— die Skopjetalmulde.

Ausser diese Gebiete, könnte man sicherlich noch wietere solche Gebiete nennen, u. z. die Gebiete um den Mittelteil des Flusses Vardar, Tikvesch, die Talmulde von Strumica, Polog usw, aber da diese Gebiete immerhin nicht genügend ausgeforscht sind, kann man auch nichts bestimmtes darüber sagen.

In dem erstgenannten Gebiet stellt die Sondergruppe der alteren Neolitzeit des Ostbalkans, genannt Anzabegovo — Vršnik (bis vor kurzem als Vršnik — Gruppe bekannt) die Hauptmanafestation der Neolitzeit. In ihrer Entwicklung gehören die Alte — und Mittlere — Neolitzeit aus der üblichen Terminologie der thesalischen und trakischen Neolitzeit, da sie sich teilweise parallel mit Protosesklo —, Sesklo — und Dimini — Gruppen in Thesalien entwickelt, d. h. mit den Karanovo — Gruppen II—III in Bulgarien. Im Norden stand diese Gruppe in Berührung mit der Startschevo — Gruppe, die ihren Mittelpunkt im Moravatal hat. Die Festlegung ihrer gemeinsamen Grenze ist nicht deutlich und diese sollte man in dem Nordenteil des Kumanovotals suchen. Das Bregalnicatal verbindet sich mit einem grösseren Naturweg des alten Balkans, der sich gegen Süd — Osten über die Flüsse Lakavica, Strumica und Struma mit Nord — Ost — Aegäi verbindet und am Norden über Ovtsche

Pole, Žegligovo und Kumanovo, gegen Preschevo mit dem Moravatal. Dieser Weg bedeutet praktisch die Verbindung des Ostmakedoniens mit Mitteleuropa.

Die Gruppe Anzabegovo — Vrschnik ist durch die Nauptfundörter »Barutnica« beim Dorfe Anzabegovo, »Vrschnik« beim Dorfe Tarinci und »Rug Bair« beim Dorre Gorubinci bekannt. Die Stratigraphie der Anzabegovo und Vrschnik ermöglicht die Verteilung in vier Entwicklungsphasen. Die erste Phase, die im Anzabegovo drei Unterphasen kennt, gehört zur älteren Neolitzeit und charakteristisch für sie ist das Monochromlicht, Rotkeramik ung bemaltes irdenes Geschirr. Die Hauptmuster sind Dreiecke, stufenweise angeordnete Flormuster, Punkte, ausgeführt in weisser Farbe (K. Nr. 48—58; 89).

Bei den Phasen II und III herrscht die Malerei in Braunfarbe auf Rotgrund in Kombinationen der geometrischen Muster (eckiges und spiralförmiges Band), die eine eventuelle Verbindung zu den Spätetappen in Startschevo (K. Nr. 57—65; 90) aufweisen. Bei dem Monochromgeschirr bestehen verschiedene Formen mit mehreren Beinen verziert mit Rinnen, die auf eine Datierung in der Karanovo II—III — Zeit anweisen (k. nr. 85). Diese Erscheinung kann durch eine interne Evolution des Altneolits erklärt werden, mit Zufluss der neuen Elemente aus dem Balkan — Anadolien — Komplex, die von Süd — Osten her zufliessen. Die letzte Phase Anzabegovo — Vrschnik IV weist manche Formen auf, die mit den Anfängen der Vintscha — Gruppe in Verbindung gebracht werden können, u. z. doppeltkeglich profilierte Teller, Pokalen, Riefen, black-topped Technik, eingravierte Bänder mit Stichverzierungen. Man soll erwähnen, dass diesse Phase auch Lokalmerkmäle aufweist, die sich durch die Horngriffe manifestieren, unbekannt für die Vintscha — Gruppe, die eine Sondervariante der Formen der Gruppe Karanovo III darstellt.

Was die Grobkeramik betrifft, sie ist sehr gut bei der Gruppe Anzabegovo — Vrschnik vertreten. Ausnahme davon ist die Phase I Dies kann man in Form, sowie in dekorativen Elementen (Barbotin — Technik, Etiketten, Eingravierungen mit Fingern, Nägeln oder Werkzeugen) erkennen. Das organisierte »Barbotin« ist typisch für die Phase IV. Alldies weist auf einen Komplex an, der in enger Verbindung mit Kleinasien (Hacilar) steht. Dieser Komplex war ursprünglich unabhängig von dem der Grobkeramik des Types Startschevo I Impresso und Presesklo[2]. Die Ausgrabungen in Anzabegovo ergaben auch Unterlagen über verschiedene Wohnobjekte, die oberirdisch waren, und die Form eines Rechtecks aufwiesen, mit Wänden aus dicht angeordneten Fäden (Anzabegovo II). Ausserdem ergaben sie Unterlagen über die rituelle Begrabungsart in zusammengeschrumpfter Körperlage, und in einem Falle wurde die Leiche in einem Behälter aus gebranter Tonnerde begraben (K. Nr. 42). Man sollte

erwähnen, dass siehdie Siedlungen dieser Gruppe auf Terrassen oberhalb des Flusses und auf Bergabhänge befanden. Zum Spätneolit in Ostmakedonien, Anzabegovo — Vrschnik IV kann man noch einige einzelne Befunde aus dem Gebieten Jatsckov Rid bei Kostin Dol und Leskovica, nahe Schtip einschliessen, die kulturell nicht näher bestimmt werden können (K. Nr. 324 — 325).

Zu der Gruppe Anzabegovo — Vrschnik kann man einigermassen auch das Skopjetal einschliessen, durch die Ortschaft Slatina bei Zelenikovo, wo zwei Phasen festgestellt worden sind. Die Phase Zelenikovo I nährt sich durch die Keramik, besonders durch die bemalte Keramik mit spiralförmigen Mustern, zu der Gruppe Anzabegovo — Vrschnik IV und Rug Bair III. Was die Phase Zelenikovo II betrifft, sie ist eine vollständig neue Erscheinung, die ihre Aehnlichkeiten in Rhamen der Phasen Vintscha Tordosch II, bzw. im Jungneolit des Balkan — Anadolien — Komplex findet. Einige Verwandschaftsmerkmäle kann man in den Fundörter in Trakien (Fotolivo, Komatini) feststellen, und im Westen die Situation ist sehr undeutlich, da dieser Teil Makedoniens archeologisch unerforscht geblieben ist.

Die Neolitzeit in Pelagonija weist einen vollkommen anderen Charakter auf. Bis vor kurzer Zeit bezeichnete man als ältestbekannte Etappe die Phase Porodin — Gruppe[3]. Mit den neuesten Forschungen innerhalb letzten 5 Jahren änderte sich dieses Bild. Die Forschungen bei Veluschka Tumba zeigten, dass der Anfand der Porodin — Gruppe weiter zurück in der Vergangenheit festzulegen ist, u. z. gegen das Ende des Jungneolits[4].

Von der stratigraphischen Abrenzung in Veluschka Tumba, einschliesslich die Phasen I — IV mit der Porodin, ausgehend, sind wir der Meinung, dass es mehr gerechtfertigt ist, das Jungneolit in Pelagonien als Gruppe Veluschina Porodin zu bezeichnen. Diese Meinung wurde durch die spezifische Erscheinungen bei der weissbemalten Keramik in den Veluschina — Porodin — Phasen I — II hervorgerufen. Da heben sich besonders die Ornamenten in Form eines Punktes stufenweise angeordnete Muster in Form des Buchstabes Σ ab, die ihre Analogien in der Periode des Endes der Phase Anzabegovo — Vrschnik I oder des Anfangs der Phase II (K. Nr. 190 — 196) finden.

In den jüngeren Phasen III und IV herrschen die eckige Muster in gleicher Technik ausgeführt. Von der Monochromkeramik, die in allen Phasen zu folgen ist, hebt sich die Rotkeramik, mit oder ohne Glanz, die Braunekeramik in hellen und dunkeln Nuancen, besonders ab, und die Dunkelgrau ist sehr selten zu finden. Die Grobkeramik folgt auch die Entwicklung der Siedlungen. Sie wurde mit bis jetzt erwähnten Technikarten und Ornamentenmotiven verziert, vorwiegend mit »Barbotin« und »organisierter Barbotin« — Technik, seltener Stiche und Impresso (K. Nr. 175 — 177). Das alles weist auf Zirku-

mmediteranischenkomplex oder auf die mittelbalkanische und südpanonische Grobkeramik an (Startschevo — Körös).

